Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

# ПРЕДЛОГ - ЗАКОН ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ АЛШАР ЗА СПОМЕНИК НА ПРИРОДАТА

Скопје: Јануари 2011 година

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на член 92 став 7 од Законот за заштита на природата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11 и 148/11), престанува да важи Законот за прогласување на локалитетот Алшар за споменик на природата.

Земајќи ги во предвид научното и економското значење на локалитетот Алшар се предлага овој локалитет да престане да ужива заштита како заштитено подрачје од трета категорија, односно споменик на природа.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

Целта на овој Закон е укинување на Законот за прогласување на локалитетот Алшар за споменик на природата.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За спроведувањето на овој закон не се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

# ПРЕДЛОГ - ЗАКОН ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА ЗАКОН ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ АЛШАР ЗА СПОМЕНИК НА ПРИРОДАТА

Член 1

Законот за прогласување на локалитетот Алшар за споменик на природата ("Службен весник на Република Македонија" бр.83/09) престанува да важи.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со цел да се овозможи продолжување на геолошките истражувања за утврдување на економски значајни количини на руди на антимон, талиум и злато и завршување на активностите за реализација на научниот проект (Lorex, Lorandite Experiment) како и обезбедување на услови за детални геолошки истражувања на антимон, арсен, талиум и злато на локалитетот Алшар, потребно е да се спроведе постапка за престанување на заштитата на локалитет Алшар, согласно Законот за заштита на природата (Службен весник на Република Македонија бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11 и 148/11).

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Нема

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Директни последици од предложените решенија во Предлог Законот се

- Економската вредност на локалитетот во постоењето на досега утврдени количини на руди на антимон, арсен, талиум и злато и во таа насока тој може да биде економски интерес на поголем број на инветститори и
- Научниот интерес на локалитетот Алшар кој е неспорен, во поглед на употребата на минералите на талиум како детектори на неутрината со потекло од Сонцето (Lorex проект, Lorandite Experiment),